# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Понеделник, 20 април 1987
Скопје
Број 15 Год. XLIII

Претплатата за 1987 година изнесува 12.000 динари. Овој број чини 300 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**275.**

Врз основа на член 56 и 72 од Деловникот на Претседателството на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 32/82), Претседателството на СРМ, на седницата одржана на 6 април 1987 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА СРМ

I

1. Се разрешува досегашниот член на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ Иљми Емини.

2. За член на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ се именува Петар Андоновски, заменик на републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-331
14 април 1987 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

**276.**

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1987 година („Службен весник на СРМ“, број 45/86), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесува

### ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1987 ГОДИНА

1. Средствата предвидени во Републичкиот буџет за 1987 година во Раздел 63, позиција 560 — Учество на Републиката за обезбедување на вода за пиење на населението, во износ од 600.000.000 динари, се распределуваат и тоа на:

| | | |
|---|---|---|
| — Општина Дебар | 80.000.000 | динари |
| — Општина Делчево | 80.000.000 | „ |
| — Општина Кратово | 150.000.000 | „ |
| — Општина Крушево | 30.000.000 | „ |
| — Општина Охрид | 20.000.000 | „ |
| — Општина Ресен | 30.000.000 | „ |
| — Општина Штип | 180.000.000 | „ |
| — Координативно тело за изградба на хидросистемот „Злетовица“ | 30.000.000 | „ |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се користат за учество на Републиката во висина до 50% од средствата што ги обезбедува општината за таа намена.

Средствата од став 1 на оваа точка ќе се користат без обврска на враќање, а сразмерно на учеството на општината.

3. За спроведувањето на оваа одлука ќе се грижи Републичкиот секретаријат за финансии, а за начинот, динамиката и наменското користење на средствата Републичкиот секретаријат за финансии ќе склучи договори со општините.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-738/1
8 април 1987 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**277.**

Врз основа на член 27 став 3 од Законот за заштита од пожари („Службен весник на СРМ“ бр. 43/86), републичкиот секретар за внатрешни работи донесе

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА БРОЈОТ, ВИДОВИТЕ И ОДРЖУВАЊЕТО НА РАЧНИ И ПРЕВОЗНИ ПРОТИВПОЖАРНИ АПАРАТИ, КОИ СЕ ВО УПОТРЕБА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на одредувањето на бројот и видовите на рачните и превозните противпожарни апарати (во натамошниот текст: ПП апарати), како и одржувањето на ПП апаратите кои се во употреба.

**I. Одредување на бројот и видовите на ПП апарати**

Член 2

Одредувањето на бројот на ПП апаратите се врши врз основа на пожарното оптеретување на објектот што се штити

За секој елементарен простор во објектот се врши пресметка на специфичното пожарно оптеретување според точката 3 од Стандардот ЈУС У. Ј. 030, а потоа се врши сумирање на површините во објектот со истоимени пожарни оптеретувања (ниско до 1 $ГЈ/m^2$, средно до 2 $ГЈ/m^2$ и високо преку 2 $ГЈ/m^2$) и врз основа на добиениот резултат од сумираните површини и степенот на пожарно оптеретување се определува бројот на единечните ПП апарати како што е утврдено во следната табела:

| Површина на објектот (m²) | Пожарно оптеретување ЈУС У. Ј 1030 | | |
|---|---|---|---|
| | ниско до 1 ГJ/m² | средно до 1 до 2 ГJ m² | високо над 2 ГJ/m² |
| до 150 | 2 единечни ПП апарати | | |
| од 151—200 | 2 | 2 | 3 |
| од 201—300 | 2 | 2 | 4 |
| од 301—500 | 2 | 3 | 5 |
| од 501—750 | 3 | 4 | 6 |
| од 751—1000 | 3 | 5 | 8 |
| од 1001—2000 | 4 | 6 | 10 |
| од 2001—3000 | 5 | 8 | 14 |
| од 3001—4000 | 6 | 10 | 18 |
| од 4001—5000 | 8 | 14 | 22 |
| од 5001—6000 | 10 | 16 | 30 |
| од 6001—7000 | 12 | 24 | 35 |
| од 7001—8000 | 16 | 30 | 45 |
| од 8001—9000 | 20 | 35 | 55 |
| од 9001—10000 | 24 | 40 | 70 |
| преку 10001 | 28 | 50 | 90 |

Како единечни ПП апарати се сметаат: S-9 кг, $CO_2$-5 кг, НЛ-6, РЗ-9 Л, РН-10 Л и V-9 Л.

Член 3

Единечните ПП апарати, со вкупната количина на средствата за гаснење на пожари, можат да се комбинираат со поголем број на ПП апарати од првата помала назначена големина ако тоа го бараат просторните, технолошките или некои други услови.

Член 4

Видот на ПП апаратите се одредува врз основа на проценката на пожарните опасности на најзастапената класа на пожари според точката 2 од Стандардот ЈУС З. СО. 003, односно на ПП апарати со најпогодните средства за гаснење на пожари од следната табела:

| Средство за гаснење | Класа на пожарот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | А | Б | Ц | Д | Е |
| Вода во полн млаз | + | — | — | — | — |
| Водена магла | + | ± | — | — | ± |
| Лесна пена | ± | + | — | — | + |
| Тешка пена | ± | + | — | — | — |
| ВСЕ — прав | — | + | + | — | ± |
| АВСЕ — прав | + | + | + | — | ± |
| АВСД — прав | + | + | + | + | ± |
| Јаглен двооксид | — | + | + | — | + |
| Халони | — | + | + | — | + |

Толкување на знаците во табелата:

Класа А — пожари на цврсти запаливи материи (пожари со создавање жар — дрво, хартија, слама, текстил, јаглен и сл.);

Класа Б — пожари на запаливи течности (пожари без жар, бензин, масти, масла, лекови, восок, смоли, катран и др.);

Класа Ц — пожари на запаливи гасови (градски гас, ацетилен, метан, пропан, бутан и др.);

Класа Д — пожари на запаливи метали (алуминиум, магнезиум и нивните легури, натриум, калиумид) и

Класа Е — пожари на уреди и инсталации под електричен напон (електромотори, трансформатори, разводни постројки и др.).

\+ — погодно средство за гаснење;

± — ограничена погодност на средството за гаснење; и

— — непогодно средство за гаснење.

Член 5

Во објектите со високо пожарно оптеретување на секои 500 m² се додава по еден превозен ПП апарат (S-50, $CO_2$-10, НЛ-25, РЗ-50) од ист вид на одредените рачни ПП апарати.

Член 6

Моторните возила за кои е пропишано да поседуваат ПП апарати се опремени со видовите прикажани во следната табела:

| Вид на возила (дефиниција) | Вид на ПП апарати | Големина на ПП апарати | Број на ПП апарати |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Патнички автомобил | Апарат за гаснење со прав ЈУС З. С 2.035 апарат за гаснење со халон | S1, НЛ1 | 1 |
| Комби — возило | „ | S2, НЛ2 | 1 |
| Автобус за градски и приградски сообраќај | „ | S3, НЛ3 | 2 |
| Автобус за меѓуградски сообраќај | „ | S3+S6<br>S3+Н6 | 2+1<br>2+1 |
| Товарно возило од 2,5 до 5 тони | „ | S3, НЛ3 | 1 |
| Товарно возило од 5 до 10 тони | „ | S6, НЛ6 | 1 |
| Товарно возило преку 10 тони | „ | S6, НЛ6 | 2 |
| Товарно возило за превоз на опасни, запаливи и експлозивни материи | Апарат за гаснење со воздушна пена ЈУС З. С. 055 | НЛ6<br>S9<br>РЗ9 | 2 |

## II. Одржување на ПП апарати кои се во употреба

Член 7

Одржувањето на ПП апаратите кои се во употреба опфаќа: преглед на исправноста, сервисно одржување и контролно испитување на истите.

Член 8

Прегледот на исправноста на ПП апаратите се врши со проверка на одделни елементи односно дејствија според упатството на производителот заради правилно работење на истите.

По истекот на гарантниот рок, прегледот од став 1 на овој член се врши периодично на секои 12 месеци, а по потреба и во пократки рокови (во случаи на големи пожарни опасности, изложеност на ПП апаратите на нечистотии, атмосферски влијанија и слично).

Член 9

Сервисното одржување на ПП апаратите опфаќа: повторно полнење на истите по употребата, односно замена на истрошените или оштетените делови утврдени при прегледот на исправноста.

Член 10

Контролното испитување на ПП апаратите се врши со испитување на издржливоста под притисок, испитување на непропустливоста, испитување на сигурносната направа и проверка на полнењето согласно точка 22 од Стандардот ЈУС З. С2. 022 и стандардите за одделни видови на ПП апарати.

Контролното испитување се врши периодично за сите ПП апарати, при што временскиот интервал помеѓу две контролни испитувања не може да биде подолго од 5 години.

Испитувањето на ПП апаратите со $CO_2$ се врши според Правилникот за техничките нормативи за подвижни затворени садови за компримирани, течни и под притисок растворени гасови („Службен лист на СФРЈ“ бр. 25/80).

Член 11

Од еден објект, истовремено на сервисно одржување, односно контролно испитување можат да бидат однесени само 50% од предвидените ПП апарати.

Член 12

Прегледот на исправноста, сервисното одржување и контролното испитување на видовите на ПП апарати пропишани со овој правилник, се врши со следната опрема:

— пумпа за преточување на јаглендвооксид;

— апарат за полнење на шишенца со јаглендвооксид;

— прецизна вага од 5 кг;

— вага до 300 кг;

— маса за испитување на сигурносни уреди;

— ниско-притисочна хидраулична пумпа;

— боци за јаглендвооксид од 30 кг — амбалажни;

— паралелен шкрипец;

— моментен клуч;

— клешти за пломбирање,

— нумериран сад до 10 л;

— гарнитура алат (клучеви);

— каталог на резервни делови;

— резервни делови за сите видови ПП апарати;

— книшка за одржување на ПП апарати и

— приклучоци и уреди за контролно испитување на поединечни типови и видови ПП апарати.

Ако се врши само преглед на исправноста и сервисно одржување на видовите на ПП апарати пропишани со овој правилник потребна е следната опрема:

— гарнитура алати (клучеви);

— прецизна вага до 5 кг;

— клешти за пломбирање·

— каталог на резервни делови;

— резервни делови и средства за полнење на сите видови ПП апарати.

Член 13

Извршениот преглед на исправноста на ПП апаратите и сервисното одржување се запишуваат во контролен лист (прилог) на првата страна и се потврдува со печат и потпис на сервисерот. Печатот содржи скратено име на сервисот и регистарски број на уверението за оспособеноста за вршење на работи за преглед на исправноста и сервисно одржување.

На втората страна на контролниот лист се впишуваат податоци за извршеното контролно испитување. Регистарскиот број на сервисот го содржи бројот на согласноста за вршење на работите на контролно испитување.

Член 14

Позитивните резултати од контролното испитување видно се означуваат со налепница која е во правоаголна форма 50 x 15 мм, со жолта основа, со натпис во црна боја и истата има самолеплива подлога отпорна на атмосферски влијанија.

Налепницата ги содржи следните податоци:

— контролно испитано и

— месец и година на извршеното испитување (пример: I/87 — бројот пред годината може да се означи и со втиснување).

Налепницата се поставува на резервоарот над ознаката на ПП апаратот.

**III. Преодни и завршни одредби**

Член 15

Бројот и видовите на ПП апарати во постојните објекти ќе се усогласат со одредбите на овој правилник најдоцна во рок од 6 месеци од денот на неговото влегување во сила.

Член 16

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 262-2987
19 март 1987 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Александар Андоновски,** с. р.

---

**278.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на IV седница, одржана на 11 март 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ЛИТЕРАТУРА СО ПРИМЕРИ ОД ЛИТЕРАТУРАТА ЗА II ГОДИНА НА ТУРСКИ ЈАЗИК

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Литература со примери од литературата за II година на турски јазик од авторот Фердане Елмазовиќ Алтанај, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 09-17/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов,** с. р.

---

**279.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на IV седница, одржана на 11 февруари 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ЗБИРКА ЗАДАЧИ ПО МАТЕМАТИКА ЗА III ГОДИНА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Збирка задачи по математика за III година од авторите Илија Јанков и Јован Илиевски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 09-18/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов,** с. р.

**280.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на IV седница, одржана на 11 февруари 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ОСНОВИ НА ГРАДЕЖНИШТВОТО СО ГЕОДЕЗИЈА II ДЕЛ ЗА II ГОДИНА ЗА ЗСНО

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Основи на градежништвото со геодезија II дел за II година за ЗСНО од авторите Софија Киселичка, Олгица Богатиновска, Петруш Јаковски, Донка Токарева, Тодорка Димитрова и Зорица Тасевска во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 09-19/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов,** с. р.

**281.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на IV седница, одржана на 11 февруари 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ МУЗИЧКО ВОСПИТАНИЕ ЗА II ГОДИНА ПРОСВЕТНА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Музичко воспитание за II година просветна струка од авторот Благој Цанев, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 09-20/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов,** с. р.

**282.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85) Републичкиот педагошки совет, на IV седница, одржана на 11 февруари 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ОСНОВИ НА РУДАРСТВОТО, ГЕОЛОГИЈА И МЕТАЛУРГИЈА ЗА II ГОДИНА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Основи на рударството, геологија и металургија за II година од авторите дипл. инж. Генка Трајковска, дипл. инж. Виолета Груевска и дипл. инж Трајко Трајчевски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 09-21/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов,** с. р.

**283.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на IV седница, одржана на 11 февруари 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ПОДГОТОВКА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ ЗА РУДАРСКО-МЕТАЛУРШКА СТРУКА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Подготовка на минерални суровини за рударско-геолошка струка од авторот м-р Мијалче Николовски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр 09-22/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов,** с. р.

**284.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ“ бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на IV седница, одржана на 11 февруари 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ ТЕХНИЧКА ЗАШТИТА ЗА III ГОДИНА НА РУДАРСКИТЕ УЧИЛИШТА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Техничка заштита за III година на рударските училишта од авторот Мијалче Николовски, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело“ — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело“ и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 09-23/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов,** с. р.

**285.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80) и член 123 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на IV седница, одржана на 11 февруари 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА УЧЕБНИКОТ СОЛФЕЖ I ДЕЛ ЗА СРЕДНИТЕ МУЗИЧКИ УЧИЛИШТА

1. Се одобрува употребата во средното насочено образование на учебникот Солфеж I дел за средните музички училишта од авторите Надежда Мишченко — Водеб и Благој Цанев, во издание на Работната организација за учебници „Просветно дело" — Скопје, 1987 година.

2. Решението да се достави до РО „Просветно дело" и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 09-32/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов,** с. р.

**286.**

Врз основа на член 195 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80) и член 127 од Законот за насоченото образование („Службен весник на СРМ" бр. 16/85), Републичкиот педагошки совет, на IV-та седница, одржана на 11 февруари 1987 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОДОБРУВАЊЕ УПОТРЕБА НА ПРЕВЕДЕНИОТ УЧЕБНИК ОСНОВНА ТЕОРИЈА НА МУЗИКАТА

1. Се одобрува употребата на учебникот Основна теорија на музиката од авторот Марко Трајчевиќ, во издание на „Просвета" — Белград, а во превод на РО „Просветно дело" — Скопје.

2. Решението да се достави до РО Просветно дело" — Скопје и архивата на Републичкиот педагошки совет.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 09-33/1
12 февруари 1987 година
Скопје

Републички педагошки совет
Претседател,
проф. д-р **Томе Саздов,** с. р.

**287.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 4 март 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 11 став 4 од Правилникот за распределба на средствата за заедничка потрошувачка наменети за станбена изградба, за купување на стан, доградба, адаптација, реконструкција на сопствен стан, донесен од работниците во Работната заедница на Медицинскиот факултет во Скопје со референдум одржан на 18 октомври 1983 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Работната заедница на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Републичкиот општествен правобранител на самоуправувањето во Скопје, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на член 11 став 4 од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука. Според наводите во предлогот за поведување постапка со оспорениот член од Правилникот работниците што отстапуваат стан се ставаат во привилегирана положба во однос на оние што не отстапуваат стан, со што се повредува уставното начело на еднаквост.

4. На седницата Судот утврди дека во означениот Правилник, покрај другите основи за утврдување редот на првенство за добивање на користење стан во општествена сопственост, е предвиден и основот отстапување на стан, при што, ако работникот отстапува едноссбен стан добива 10 бода, а ако отстапува двособен стан добива 20 бода.

Со член 214 став 1 од Уставот на СР Македонија, загарантирано му е на граѓанинот да стекнува станарско право на стан во општествена сопственост со кое му се обезбедува под услови определени со закон, трајно да користи стан во општествена сопственост заради задоволување на личните и семејните потреби.

Според уставното начело на еднаквост, утврдено во дел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, неприкосновената основа на положбата на човекот, покрај другото, ја сочинуваат и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите.

Со оглед на тоа што во конкретниот случај со оспорениот член, се доделуваат бодови по основот отстапување на стан, Судот утврди дека со тоа се ставени во поповолна положба работниците што отстапуваат стан, во однос на другите работници што не е во согласност со уставното начело на еднаквост, заемност и солидарност.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 264/86
4 март 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров,** с. р.

**288.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 став 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 11 март 1987 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 5 став 1 точка 2 од Правилникот за распределба на станови, донесен од работниците во Основната организација на здружениот труд „Преработка на дрво", во состав на Работната организација ШИК „Караорман" во Струга, со референдум одржан на 18 мај 1983 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во организацијата на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Битола, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот за поведување постапка основот станбена состојба треба да има доминантно влијание врз утврдувањето редот на првенство за добивање на користење стан во општествена сопственост во однос другите основи, со што се повредува уставното начело на заемност и солидарност.

4. На седницата Судот утврди дека за основите: старост-возраст, учество во НОБ, приходи по член на семејство, инвалидност се определени најмногу 60 односно 40 бода додека пак за основот услови за живеење, станбена состојба се определени најмногу 30 бода.

Од означените одредби од Правилникот произлегува дека станбената состојба е вреднувана со најмал број на бодови во однос на другите основи.

Според член 42-а од Законот за станбени односи, самоуправно право е на работниците во организацијата на здружениот труд во самоуправен општ акт да ги утврдуваат основите и мерилата за распределба на станови. Притоа, при утврдувањето на основите и мерилата доминантно влијание треба да има основот станбена состојба, со цел да се обезбеди остварување на уставното начело на заемност и солидарност, односно стан да добие работник кој е најмалку станбено обезбеден и кој има најголем придонес во работата.

Со оглед на тоа што со оспорените одредби од Правилникот основот станбена состојба (услови за живеење) нема доминантно влијание при распределбата на станови, туку такво влијание имаат другите основи, Судот утврди дека оспорените одредби не се во согласност со уставното начело на заемност и солидарност изразено во Одел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 17/87
11 март 1987 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Димче Козаров,** с. р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Републичкиот буџет за 1987 година, објавен во „Службен весник на СРМ", број 45/86, се поткраднале грешки, поради што се дава

ИСПРАВКА
на Републичкиот буџет за 1987 година

1. Во член 2 — Биланс на приходите и расходите на Републичкиот буџет за 1987 година, во оддел I Приходи, во точка 1. Непосредни изворни приходи, се група 72, наместо износот „13.065.000.000" треба да стои износот „13.069.000.000".

Во оддел II. Расходи (Распоред на приходите), Група 45 — Средства за општествени дејности — на контото 458 наместо износот „600.000" треба да стои износот „500.000" и во групата 46 — Средства за други општи-општествени потреби — на контото 461 — наместо износот „392.000.000" треба да стои износот „382.000.000".

2. Во член 3, Раздел 5 — Уставен суд на Македонија, позиција 62, конто 401 наместо износот „1.620.000" треба да стои износот „4.620.000".

Во Раздел 6 — Македонска академија на науките и уметностите, позиција 71, конто 401 наместо износот „28.000 000" треба да стои износот „26.000 000".

Во Раздел 8 — Републички секретаријат за внатрешни работи, позиција 85, Конто 400 наместо износот „4.873.796.000" треба да стои износот „4.673.796.000"; позиција 86, конто 400 наместо износот „9.862.861.000" треба да стои износот „9.962.861.000", и во позиција 88 во износот за основната намена наместо износот „15.135.657.000" треба да стои износот „15.035.657.000".

Во раздел 9 — Републички секретаријат за правосудство и управа, позиција 100, конто 402 — наместо износот „180.000" треба да стои износот „100.000".

Во раздел 11 — Републички секретаријат за општостопански работи и пазар, позиција 116, конто 400/1 наместо износот „8.900.000" треба да стои износот „8.910.000".

Во Раздел — 19, глава 2 — Републички завод за меѓународна научно-техничка соработка, позиција 208 наместо конто „418" треба да стои конто „410".

Во Раздел 20 — Републички комитет за култура, позиција 220, конто 452 наместо износот „45.000.000" треба да стои износот „46.000.000".

Во Раздел 21 — Републички комитет за здравство и социјална политика, позиција 233, наместо конто „458" треба да стои конто „456", позиција 236 наместо конто „457" треба да стои конто „456"; позиција 237 и 238 наместо конто „455" треба да стои конто „456".

Во раздел 22 — Републички комитет за меѓународни односи, позиција 246 наместо конто „413" треба да стои конто „418".

Во Раздел 23 — Републички комитет за информации, позиција 252 наместо конто „409" треба да стои конто „402", а во позиција 260 наместо конто „419" треба да стои конто „418".

Во Раздел 31 — Архив на Македонија, позиција 318, во износот за основната намена, наместо износот „14.245.000" треба да стои износот „44.245.000".

Во Раздел 33 — Врховен суд на Македонија, позиција 331, конто 400 наместо износот „65.084.000" треба да стои износот „65.064.000".

Во Раздел 43 — Окружен стопански суд — Штип, во ставката Рекапитулација: за Работната заедница наместо износот „36 256.000" треба да стои износот „36.258.000".

Во Раздел 44 — Окружно јавно обвинителство — Битола, во ставката Вкупно раздел 44 (позиции од 405 до 410) наместо износот „52.567.000" треба да стои износот „62.567.000".

Во раздел 47 — Суд на здружениот труд на Македонија, позиција 428, конто 410 наместо износот „47.452.000", треба да стои износот „47.402.000" и во позиција 429, во износот на основната намена наместо износот „42.492.000" треба да стои износот „49.402.000".

Бр. 13-928/1
23 март 1987 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на СРМ

---

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

**120.**

Врз основа на член 28 став 1, а во врска со член 39 став 1 од Законот за избор на членовите на делегациите и на делегатите во собранијата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници, претседателот на Собранието на Републичката СИЗ за вработување донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАСПИШУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ИЗБОРИ ЗА ЕДЕН ДЕЛЕГАТ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — СКОПЈЕ

I

Се распишуваат дополнителни избори за еден делегат во Собранието на Републичката СИЗ за вработување од СИЗ за вработување — Неготино.

Изборите да се извршат на 20 мај 1987 година.

II

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а пропишаните рокови почнуваат да течат од 10 април 1987 година.

Бр. 03-416
9 април 1987 година
Скопје

Претседател,
**Илија Стефановски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — БИТОЛА

**121.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, на седницата одржана на 23 февруари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ ОД ОПШТИНАТА — БИТОЛА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита за 1987 година се утврдува на 9.20% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита 4,20% и

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување 5,00%.

Придонесот за здравствената заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест се утврдува во висина од 0,50%.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставува:

— кај обврзниците кои формираат доход, остварениот доход;

— кај обврзниците кои не формираат доход, бруто личните доходи и другите примања.

За лицата кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствена заштита во случај на несреќа на работа по стапка од 1% на неплатениот надоместок.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (за леташирани работници) се одредува во висина од 20% од чистиот личен доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став по видови на осигурувања се распоредува сразмерно на стапката утврдена со член 1 на оваа одлука.

Член 3

Придонесот за здравствена заштита на корисниците на пензии, СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија го плаќа по стапка што одговара на нето стапка на бруто стапка од член 1 став 1 на оваа одлука

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставува вкупно исплатените пензиски примања во времето за кое се плаќа придонесот.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, Статутот, оваа одлука и други општи акти на Заедницата.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-2700/23 од 29. XII. 1986 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-401/14
23 февруари 1987 година
Битола

Претседател,
д-р **Владо Хаџиевски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — БИТОЛА

**122.**

Врз основа на член 83 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78 и 43/78) и член 18 став 1 точка 8 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Битола, Собранието на Општинската СИЗ за социјална заштита, на седницата одржана на 25 декември 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — БИТОЛА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на основните организации на здружен труд, од личниот доход од работен однос од личниот доход од земјоделска дејност, од личниот доход од самостојно вршење стопанска дејност и од личниот доход од самостојно вршење на нестопанска дејност.

Член 2

Стапките на придонесите што ќе се плаќаат на ОСИЗ за социјална заштита Битола изнесуваат:

1. придонес од доходот на основните организации на здружен труд, по стапка од 0,38%;
2. придонес од личен доход од работен однос, по стапка од 0,40%;
3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,45%;
4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 3,80%;
5. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 4,30%.

Член 3

Обврзници на придонесите од доход за социјална заштита се основните организации на здружен труд и другите корисници на општествени средства, определени со Одлуката за утврдување на стопанските и нестопанските дејности („Службен лист на СФРЈ" бр 14/77) од областа на дејностите од 1 до 11.

Основица за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд од став 1 на овој член претставува остварениот доход.

Член 4

Во поглед на пресметувањето, уплатувањето, застареноста, присилната наплата на придонесите за социјална заштита од доходот на ОЗТ се применуваат соодветните одредби на Законот на доход на ОЗТ („Службен весник на СРМ" бр. 47/73, 11/74, 15/76, 25/76, 33/76, 44/76).

Член 5

Стапката на придонес од личен доход од земјоделска дејност е пропорционална. Разрезот ќе го врши Управата за приходи — Битола.

Член 6

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 02-1/4 од 30. XII. 1985 година.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-24/7
25 декември 1986 година
Битола

Претседател,
**Киро Таневски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ — БИТОЛА

**123.**

Врз основа на член 26 и 92 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за образование, општествена заштита на децата и научни дејности — Битола, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 23 декември 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ КАКО ПРИХОД НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ — БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите со кои се обезбедува приходот на Општинската самоуправна интересна заедница за образование, општествена заштита на децата и научни дејности — Битола за 1987 година.

Член 2

За обезбедување на средствата за задоволување на потребите и интересите во областа на основното образование и општествената заштита на децата на општината Битола се утврдуваат следните стапки на придонеси:

**I. За основно образование:**

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството по стапка од 4,5%;

2. придонесот од личен доход од работен однос од нестопанството се утврдува со општа стапка од 4,5%, освен придонесот од личен доход од работен однос во организациите на здружен труд од општествената заштита на децата, основното и насоченото средно образование и социјалната заштита за кои се утврдува стапката на придонесот од 2,25%, а за организациите од вишото и високото образование, организациите кои вршат дејност на заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности се утврдува стапка од 3,15%;

3. придонес од земјоделска дејност, по стапка од 1,51%;

4. придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанската дејност, по стапка од 5,5%;

5. придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 5,5%.

**II. За општествена заштита на децата:**

1. придонес од личен доход од работен однос од стопанството, по стапка од 1,30%;

2. придонесот од личен доход од работен однос од нестопанството се утврдува со општа стапка од 1,30%, освен придонесот од личен доход од работен однос во организациите на здружен труд од општествената заштита на децата, основното и насоченото средно образование и социјалната заштита за кои се утврдува стапка на придонес од 0,65%, а за организациите кои вршат дејности на заштита на културни блага, организациите од вишото и високото образование и од областа на сценско-музичките дејности се утврдува стапка од 0,90%;

3. придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 0,09%;

4 придонес од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 0,6%;

5 придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанската дејност, по стапка од 0,6%.

Член 3

Даночните ослободувања и олеснувања кои ги пропишува Општината за придонесот од земјоделска дејност ќе се однесуваат и на придонесите за основното образование и општествената заштита на децата.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 08-361/9
23 декември 1986 година
Битола

Претседател,
**Снежана Ковачевска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ГЕВГЕЛИЈА

**124.**

Врз основа на член 160 точка 15 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија, Собранието на Заедницата донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПОГРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНАТА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ГЕВГЕЛИЈА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува височината на надоместокот, условите за стекнување и начинот на остварувањето на погребните трошоци и посмртната помош во случај на смрт на осигуреникот или осигуреното лице на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија.

Член 2

Надоместокот на погребните трошоци се утврдува во износ:

1. во случај на смрт на осигурено лице до една година возраст, 12.500 динари;

2. во случај на смрт на осигурено лице од 1 до 7 години возраст, 19.800 динари;

3. во случај на смрт на осигурено лице над 7 годишна возраст, 35.400 динари.

Член 3

Во случај осигуреното лице да умре во странство за време на привремен престој во странство надоместокот од претходниот член се зголемува за 50%.

Член 4

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицата кои ќе го извршат закопот на осигуреното лице, односно осигуреникот врз основа на изводот од матичната книга на умрените, потврда за извршен закоп и здравствената легитимација на умрениот осигуреник (умреното лице).

Во случај осигуреното лице да умре во странство, покрај доказите од претходниот став се поднесува и потврда од дипломатското претставништво на нашата земја во странство дека закопот е извршен во странство.

Член 5

На членовите на семејството на умрениот осигуреник им припаѓа посмртна помош во висина на 20.000 динари.

Член 6

Барањето за исплата на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош стасува на денот на смртта на осигуреникот, односно осигуреното лице.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 226
23 февруари 1987 година
Гевгелија

Претседател,
**Васо Ашиков,** с. р.

**125.**

Врз основа на член 160 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија, Собранието на Заедницата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОКОТ НА ПАТНИТЕ И ДНЕВНИТЕ ТРОШОЦИ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — ГЕВГЕЛИЈА

Член 1

Со оваа одлука се определува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци и висината на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место, која им припаѓа на осигурените лица на товар на средствата на Заедницата, а во случај кога користат здравствена заштита на начин пропишан со општите акти на Заедницата.

**Надоместок на превозни трошоци**

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз им припаѓа на осигурените лица за случаите предвидени со општите акти на Заедницата во висина на тарифата на јавниот сообраќај

Надоместокот на трошоците за превоз припаѓа на осигурените лица кога поради итноста на случајот или здравствената состојба, по налог на лекарот или здравствената организација, превозот е извршен и со други превозни средства.

Кога превозот, во случај на претходниот став, е извршен без претходен налог на лекарот или здравствената организација, оправданоста на превозот или превозните средства дополнително ја цени лекарска комисија на Заедницата.

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се определува по правило според најкусата релација, и тоа по основната тарифа од редовните превозни средства на јавниот сообраќај.

Под основна тарифа на јавниот сообраќај се подразбира:

— во случај на патување со железница на релација до 150 км. во еден правец — II класа патнички воз, а на подолга релација од 150 км. во еден правец — II класа брзи воз;

— за речниот и поморскиот сообраќај припаѓа право на превоз II класа на пловните возила;

— кога превозот се врши со автобус, припаѓа право на полна цена на чинењето на превозот.

Кога на истата релација постои железнички, бродски или автобуски сообраќај, осигуреното лице има право на надомест на превозните трошоци по најниската тарифа.

Ако превозот е извршен во смисла на став 2 од членот 2 на оваа одлука, надоместокот на трошоците за превоз припаѓа во полн износ.

Член 4

Ако осигуреното лице врз основа на посебен пропис има право на бесплатно возење при користењето на превозните средства на јавниот сообраќај, не му припаѓа надоместок на трошоци за превоз.

Одредбите од претходниот став не се однесуваат на случаи кога осигуреното лице има право на повластено возење само за определен број патувања во текот на годината.

Член 5

На осигуреното лице кое користи здравствена заштита спротивно на одредбите на општите акти за начинот на користењето на здравствената заштита, не му припаѓа надоместок на трошоците.

Член 6

Налогот односно упатот за патување во друго место поради специјалистички преглед важи, по правило, само за едно патување. До колку лекарот-специјалист на кого осигуреното лице му е упатено на прв специјалистички преглед најде дека е потребно испитување и лекување и кај друг специјалиста, првобитниот упат важи за сите останати прегледи.

Кога осигуреното лице, во смисла на претходниот став е упатено односно преземено на амбулантно-специјалистичко лекување или испитување, издадениот налог важи за сето време додека трае лекувањето, односно испитувањето

**Висина на надоместокот на трошоците за исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во друго место**

Член 7

Надоместокот на име трошоци за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место на осигуреното лице му припаѓа како што следува:

— ако се упатува во место на територијата на СРМ — 1.000 динари;

— ако се упатува во место надвор од територијата на СРМ — 1.100 динари,

— ако се упатува во другите републики и покраински центри — 1.500 динари.

Член 8

Покрај надоместокот од претходниот член, на осигурените лица им припаѓа и надомест на трошоци за ноќевање во фактички износ, врз основа на посебна приложена сметка, но не повеќе од 3.000 динари.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по донесувањето.

Бр. 227
23 февруари 1987 година
Гевгелија

Претседател,
**Васо Ашиков,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА КУЛТУРА — РАДОВИШ

**126.**

Врз основа на член 20 од Законот за самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 22 од Статутот на ОСИЗ за култура — Радовиш, Собранието на Заедницата донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ОСИЗ ЗА КУЛТУРА — РАДОВИШ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Во 1987 година се утврдува стапка на придонес за култура и тоа:

1. придонес од доходот на стопанството, 0,60%;
2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството, 0,20%.

Член 2

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13024) се ослободуваат од плаќање на придонес за култура.

За организациите на здружен труд од општествената заштита на децата (130211) се утврдува стапка на придонес 70% од стапката во член 1 и ќе изнесува 0,14%.

Член 3

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-8
24 февруари 1987 година
Радовиш

Претседател,
**Бошнаков Димитар,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

**127.**

Врз основа на член 106 и 107 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/86) и член 14 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш, Собранието на ОСИЗ за социјална заштита, на седницата одржана на 9 март 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите од доходот на основните организации на здружен труд, од личниот доход од работен однос, од личниот доход од земјоделска дејност и личниот доход од самостојно вршење на стопанска дејност за 1987 година преку кои се обезбедуваат средства на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш.

Член 2

Во 1987 година се утврдуваат следните стапки на придонеси на ОСИЗ за социјална заштита и тоа:

— придонес од доходот на основните организации на здружен труд, по стапка од 0,60%;

— придонес од личен доход од работен однос од нестопанство, по стапка од 0,32%;

— придонес од личен доход од земјоделска дејност, по стапка од 1%;

— придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 1%.

Член 3

Организациите на здружен труд од основното и средното насочено образование ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 50% од утврдената стапка во член 2 алинеја 2 на оваа одлука, односно 0,16%

Организациите од општествената заштита на децата ќе плаќаат придонес од личен доход од работен однос во висина од 70% од утврдената стапка во член 2 алинеја 2 на оваа одлука, односно 0,22%.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш за 1986 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-7
3 февруари 1987 година
Радовиш

Претседател,
**Стефанова Павлина,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — РАДОВИШ

**128.**

Врз основа на член 58 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на СРМ" бр 13/78), Собранието на Заедницата за вработување — Радовиш, на седницата одржана на 27 февруари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработување се пресметува и се плаќа:

— за работниците во основната организација и за работниците вработени кај работодавецот — личниот доход на работниците, во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход) по стапка од 0,75%.

— за работодавецот — основицата според која плаќа данок од личен доход по стапка од 0,75%.

— за работодавецот кој данокот го плаќа во годишен паушален износ придонесот за вработување изнесува 15% од годишниот износ на данокот

Член 2

Одлуката ќе се применува во 1987 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-103/3-7
27 февруари 1987 година
Радовиш

Претседател,
**Благица Чабукова,** с. р

**129.**

Врз основа на член 13 од Статутот на Заедницата за вработување — Радовиш, а во согласност со Резолуцијата за општествено-економскиот развој и економската политика во СРМ во 1986 година („Службен весник на СРМ" бр. 43/85), како и Резолуцијата за општествено-економскиот развој и економската политика во општината Радовиш во 1987 година. Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 27 февруари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Се ослободуваат од плаќање на придонес за вработување и тоа:

а) во висина од 50% од пропишаната стапка на основното средно насочено образование и Центарот за социјална работа и наместо 0,75% ќе плаќаат 0,37%;

б) во висина од 70% од пропишаната стапка на предучилишната работна организација КДУ „Ацо Караманов" — Радовиш — наместо 0,75% ќе плаќа 0,52%.

Член 2

Согласно Законот за Самоуправните интересни заедници Одлуката ќе ја реализира СОК Експозитура — Радовиш.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Бр. 02-103/3-8
27 февруари 1987 година
Радовиш

Претседател,
**Благица Чабукова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ВОСПИТАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — РАДОВИШ

**130.**

Врз основа на член 13 став 1 и 2 од Законот за самоуправните интересни заедници („Службен весник на СРМ" бр. 9/78), член 219 од Законот за предучилишно и основно образование и воспитание, член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 26 став 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно образование и воспитание и општествена заштита на децата — Радовиш, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 24 февруари 1987 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА РАДОВИШ ЗА 1987 ГОДИНА

**I. Дејност основно воспитание и образование**

Член 1

Во 1987 година се утврдува стапка на придонеси за основно образование и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос во стопанството, по стапка од 5%;

2. придонес од личен доход од работен однос од нестопанството, по стапка од 5%;

3. придонес од земјоделска дејност, по стапка од 2%;

4. придонес од самостојно вршење и занаетчиска дејност, по стапка од 5%.

Член 2

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13024) се ослободуваат од плаќање придонес за основно образование.

За организациите на здружен труд од општествената заштита на децата (130211) се утврдува стапка на придонес во износ 70% од стапката во член 1 и ќе изнесува 3,5%.

**II. Дејност општествена заштита на децата**

Член 3

Во 1987 година се утврдуваат стапки на придонес за општествена заштита на децата и тоа:

1. придонес од личен доход од работен однос во стопанството, по стапка од 1,60%;

2. придонес од личен доход од работен однос во нестопанството, по стапка од 1,60%.

Член 4

Организациите на здружен труд од основното образование (12011), средното насочено образование (12012) и социјалната заштита (13024) се ослободуваат од плаќање на придонес за општествената заштита на децата.

За организациите на здружен труд од општествената заштита на децата (130211) се утврдува стапка на придонес од 70% од стапката во член 3 и ќе изнесува 1,12%.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-41/2
24 февруари 1987 година
Радовиш

Претседател,
**Младен Митев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — РЕСЕН

**131.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, со рамноправно учество на Соборот на делегати корисници на услуги — работници и Соборот на делегати даватели на услуги, на заедничката седница одржана на 29 декември 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО НА КОРИСНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНАТА РЕСЕН ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита за 1987 година се утврдува на 10% од бруто личниот доход и другите примања во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 6%;

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и други примања од здравствената заштита 4%;

— придонесот за несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува во висина од 0,3%.

Основица за пресметување од претходниот став претставува:

— кај обврзниците кои формираат доход — остварениот доход;

— кај обврзниците кои не формираат доход — бруто личниот доход и другите примања.

Се ослободуваат од плаќање на придонес од личен доход и од други примања, како и од доходот и тоа:

— Младинската фабрика за преработка на текстилен регенерат при РО „Преспатекс“ — Ресен, Дисперзираниот погон на РО „Преспатекс“ во с. Стење, Здравствениот дом — Ресен, Центарот за респираторни неспецифични заболувања — Отешево, Секретаријатот за внатрешни работи при СО — Ресен; КРО „Пролетер“ — Ресен, ООЗТ Живинарска фарма и ООЗТ Прехранбена индустрија на РО „Агроплод“ — Ресен- новоформираните работни и договорни организации и задруги и граѓанско-правни лица кои за прв пат почнуваат со работа во 1987 година.

По намалена стапка од 50% на придонесот од член 1 став 1 на оваа одлука ќе плаќаат:

— ОЗТ од основното и средното насочено образование, Центарот за социјални работи, Детската градинка „5-ти Ноември“ — Ресен, Домот на културата „Драги Тозија“ — Ресен, Центарот за печат и радио — Ресен, Погонот за производство на килими и јамболии — Ресен и Здружението на пензионерите — Клубот на пензионерите — Ресен.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (деташирани работници) се одредува во висина од 20% од чистиот личен доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став по видови на здравствена заштита се распоредува сразмерно на стапката утврдена со член 1 на оваа одлука.

Член 3

Придонесот за здравствена заштита на пензионерите СИЗ за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија го плаќа по стапка што одговара на стапката од бруто стапките од член 1 став 1 на оваа одлука.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и уплатуваат обврзниците на начин утврден со закон, Статутот и другите општи акти на Заедницата.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуките број 02-92/1 од 30. XII 1985 година („Службен весник на СРМ“ бр. 13/86) и Одлуката бр. 02-3/1 од 21. V. 1986 година („Службен весник на СРМ“ бр. 34/86).

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-37/1
29 декември 1986 година
Ресен

Претседател,
**Спасе Марковски,** с. р.

**132.**

Врз основа на член 103 став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен („Службен гласник на општината Ресен" бр. 9/84), Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, со рамноправно учество на Соборот на делегати корисници на услуги — земјоделци и Соборот на делегати даватели на услуги, на седницата одржана на 29 декември 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ ОД ОПШТИНАТА РЕСЕН ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствена заштита на корисниците — земјоделци од општината Ресен за 1987 година се определуваат и тоа:

1. Корисници — земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход) по стапка од 15% на катастарскиот приход;

2. Корисници — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност плаќаат во паушален износ и тоа:

— по 2.000 динари по домаќинство, ако семејството е задолжено по катастарски приход;

— по 5.000 динари по домаќинство, ако семејството нема сопствена земја и не е задолжено по катастарски приход;

3. За секој член, односно осигурено лице од точката 1 и 2 на оваа одлука ќе плаќаат по 2.000 динари.

Член 2

Придонесите што се плаќаат по член 1 од оваа одлука се распоредуваат по видови на здравствена заштита и тоа:

— за задолжителни видови — 75%;

— за правата што самостојно ги утврдува Заедницата и другите права од здравствената заштита на земјоделците — 25%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр 02-38/1
29 декември 1986 година
Ресен

Собор на делегати корисници
на услуги — земјоделци
Претседател,
**Али Абдулај**, с. р.

Собор на делегати даватели
на услуги
Претседател,
**Васко Мицевски**, с. р.

Собрание на Општинската СИЗ
за здравствена заштита
Претседател,
**Спасе Марковски**, с. р.

**133.**

Врз основа на член 103—105 и член 108—110 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр 10/83) и член 151 став 1 точка 1 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита, — Ресен, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, со рамноправно учество на Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите даватели на услуги, на седницата одржана на 29 декември 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствена заштита во постојани месечни износи во 1987 година се плаќаат за:

1. лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход ако работат со полно работно време, во износ од 900 динари;

2. учениците во средните училишта за одделни занимања за кои покрај училишната се изведува и практична работа — настава во организациите на здружен труд, училиштето или кај приватен работодавец, во износ од 450 динари;

3. лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии кои поради тоа прекинале со школување, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 2.250 динари;

4. лицата кои организацијата пред да ги вработи ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација за стручно оспособување, ако за тоа време примале стипендија, во износ од 2.250 динари;

5. лицата кои учествуваат на младински работни акции, а кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени во сите случаи на инвалидност, во износ од 450 динари;

6. лицата кои учествуваат во организирани работни акции ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 450 динари;

7. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување), во износ од 450 динари;

8. лицата припадници на територијалните единици, припадници на цивилната заштита за време на изведување на задачите на територијалната одбрана, во износ од 450 динари;

9. уживателите на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет, во износ од 900 динари;

10. за членовите на потесното семејство на југословенските работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на општината — заедницата, на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравствена заштита, се плаќа придонес за здравствена заштита во износ од 1.500 динари;

11. уживателите на инвалиднини по прописите на инвалидското осигурување, и тоа само во случај на потреба од лекување во врска со повреда или заболување што предизвикало телесно оштетување на кои им припаѓа право на инвалиднина, во износ од 900 динари;

12. брачниот другар односно родителите осигуреници според член 32 од Законот за здравствена заштита, по 1.575 динари;

13. членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на отслужување на воениот рок во ЈНА, ако пред тоа го исполнил условот на претходното осигурување, во износ од 300 динари по член;

14. југословенските државјани што примаат пензија или инвалиднина исклучиво од страна на носители на осигурување (земји без конвенции) додека престојуваат на подрачјето на заедницата плаќаат месечен паушален износ од 4 500 динари.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат придонесите за здравствена заштита за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести во износ од по 150 динари за:

1. учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата;

2. лицата кои учествуваат на младински работни акции кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, како и лицата кои учествуваат во организирани работни акции;

3. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука;

4. лицата кои се наоѓаат на извршување на задачите на територијалната одбрана и на цивилната заштита;

5. лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување и на преквалификација упатени од СИЗ за вработување;

6. лицата кои работат помалку од половина од полното работно време и

7. припадниците на доброволни организации и противпожарна заштита.

Член 3

Платените придонеси од член 1 точка 1 на оваа одлука по видови на здравствена заштита ќе се распоредуваат по следната структура:

— за задолжителните видови — 55,00;

— за останатите права над задолжителните видови — 40,00;

— за несреќа на работа и професионални заболувања — 5,00;

а придонесите од точките 9 до 15 се распоредуваат на:

— задолжителните видови — 60,00;

— за останатите права над задолжителните видови — 40,00.

Член 4

Придонесите за лицата опфатени со член 1 и 2 од оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад по исклучок на придонесите од член 1 точка 10 и 15.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од 1 месец, на секој календарски ден во соодветниот месец се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката на оваа заедница, бр, 02-93/1 од 30. XII. 1986 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-34
29 декември 1986 година
Ресен

Собор на делегати корисници
на услуги — работници,
Претседател,
**Владимир Ангеловски,** с. р.

Собор на делегати даватели
на услуги
Претседател,
**Васко Мицевски,** с. р.

Собрание на Општинската СИЗ
за здравствена заштита
Претседател,
**Спасе Марковски,** с. р.

---

**134.**

Врз основа на член 103 став 1 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83), на член 159 став 1 точка 15 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Ресен, Собранието на Заедницата, со рамноправно учество на Соборот на делегати — корисници на услуги — работници и Соборот на делегати даватели на услуги, на седницата одржана на 29 декември 1986 година, донесе

# ОДЛУКА

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ ВО 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува основицата за пресметување и плаќање на придонеси за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци и права од здравственото осигурување за кои со закон не се утврдени основици за придонес.

Член 2

Основица за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување и правото на ова осигурување за лица вработени кај приватни работодавци претставува договорениот чист личен доход меѓу приватниот работодавец и работникот кој што не може да биде помал од:

— за неквалификувани работници и домашни помошнички, во висина од гарантираниот личен доход од општината во која врши своја дејност, утврден со посебни прописи;

— за полуквалификувани работници — 40.000 динари;

— за квалификувани работници — 55.000 динари;

— за висококвалификувани работници — 70.000 динари.

Член 3

За учениците од училиштата за средно образование кои покрај училишната изведуваат и практична настава во организација на здружен труд или кај приватни работодавци, основица за остварување на правата од здравственото осигурување претставува наградата што ја примаат, а која не може да биде помала од:

— за ученици од прва година — 4.000 динари;

— за ученици од втора година — 5.000 динари;

— за ученици од трета година — 6.000 динари;

— за ученици од четврта година — 7.000 динана

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката на оваа заедница бр. 02-95/1 од 30. XII. 1985 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1987 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-32
29 декември 1986 година
Ресен

Собор на делегати корисници
на услуги — работници,
Претседател,
**Владимир Ангеловски,** с. р.

Собор на делегати даватели
на услуги
Претседател,
**Васко Мицевски,** с. р.

Собрание на Општинската СИЗ
за здравствена заштита
Претседател,
**Спасе Марковски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ПРИЛЕП

**135.**

Врз основа на член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81) и член 102 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Прилеп, Собранието на Општинската СИЗ за општествена заштита на децата, на седницата одржана на 24 декември 1986 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРЕСМЕТКОВНИ СТАПКИ ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА ЗАДОВОЛУВАЊЕ НА ЛИЧНИТЕ И ЗАЕДНИЧКИТЕ ПОТРЕБИ И ИНТЕРЕСИ ВО ОБЛАСТА НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1987 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на пресметковните стапки за здружување на средства за задоволување на личните и заедничките потреби и интереси во областа на општествената заштита на децата преку ОСИЗ за општествена заштита на децата.

Член 2

За задоволување на потребите од член 1 на оваа одлука здружуваат средства по пресметковна стапка:

— работниците од стопанските дејности од бруто личниот доход, по стапка од 1,70%;

— работниците од општествените дејности од бруто личниот доход, по стапка од 1,70%;

— земјоделците од личниот доход, по стапка од 0,15%,

— работниците кои самостојно вршат дејност од личниот доход, по стапка од 1,70%;

— работниците вработени кај граѓани и граѓанско-правни лица од личен доход, по стапка од 1,70%.

Член 3

Работниците од ОЗТ од основното и средното насочено образование и социјалната заштита здружуваат средства по стапка од 0,85%, а работниците во ОЗТ од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности здружуваат средства по стапка од 1,19% од бруто личните доходи.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува од 1 јануари 1987 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 02-626/3
24 декември 1986 година
Прилеп

Претседател,
**Ружица Башеска,** с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 58 од 3. IX. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-53-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на дејностите односно работите на Ѕидаро-фасадерската занаетчиска задруга „Напредок", с. Велјуса, Струмица, со следните податоци:

Како споредна дејност задругата ќе се занимава и со:

1. промет на големо и мало со градежни материјали ,градежна столарија, градежна пластика, стакло и слично;

2. промет на големо и мало со водоинсталациони и електроинсталациони материјали;

3. промет на огревно и техничко дрво на големо и мало.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 58/86. (542)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 67 од 30 IX. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-16-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на дејноста на Земјоделската задруга „Илинден" — Ц. О., с. Моноспитово, Струмичко, со следните податоци: Задругата својата дејност ја проширува уште со промет на прехранбена стока во транзит.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 67/86. (543)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 55 од 4. VIII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-85-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицата овластени за застапување на Земјоделската задруга „Единство", с. Пиперево, Струмичко, Ц. О., со следните податоци: Овластено лице за застапување на задругата е Трајчо Стојан Николов од с. Пиперево, директор на ЗЗ „Единство", с. Пиперево, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 55/86. (544)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 54 од 4. VIII .1986 година, на регистарска влошка бр. 1-85-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на дејностите односно работите на Земјоделската задруга „Единство", с. Пиперево, Струмичко, со следните податоци:

Како споредна дејност задругата ќе се занимава и со: промет на големо и мало со автоделови, гуми, лимови, коноп и конопни производи.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 54/86. (545)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 45 од 7. VII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-95-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицата овластени за застапување на Земјоделската задруга „Солун" — с. Сачево, Струмичко, Ц. О., со следните податоци: Овластено лице за застапување на задругата е Драги Блажо Ваневски од Струмица, вршител на должноста директор на задругата, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 45/86. (546)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 48 од 8. VII. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-75-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Земјоделската задруга „Злевчанка", с. Злеово, Радовишко, Ц .О., со следните податоци: Овластено лице за застапување на задругата е Никола Манев од Радовиш, директор на задругата, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 48/86. (547)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 35 од 22. V. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-81-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на овластеното лице за застапување на Земјоделската задруга „Златна котлина", Ц. О., — с. Еднокуќево — Струмичко, со следните податоци: На Ангелов Ванчо му престанува правото на застапување.

ЗЗ ќе ја застапува со неограничени овластувања Ванчо Митов.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 35/86. (548)

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 37 од 12. VI. 1986 година, на регистарска влошка бр 1-56-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Земјоделската задруга „Карбино", с. Владевци, Струмица, со следните податоци:

Илија Глигоров, индивидуален работоводен орган, со неограничени права ќе ја застапува Земјоделската задруга „Карбино", с. Владевци, Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 37/86. (549)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 40 од 8. V. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-18-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на деловна единица Земјоделска задруга „Слога" — Ц. О., с. Бориево, Струмичко, со следните податоци: основање на деловна единица — Самопослуга за продажба на трговска стока на мало во с. Радево, Струмица.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 40/86. (550)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 76 од 29. X. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-58 0-0, го запиша во судскиот регистар евидентирањето на деловна единица ЗЗ „Моша Пијаде", с. Горни Подлог, Кочанско, со следните податоци: Деловна единица — Продавница во с. Драмче и деловна единица „Печењара" во с. Подлог, Кочанско.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 76/86. (551)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 69 од 13. X. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-101-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Земјоделско-сточарската задруга „Дрвошанка", с. Дрвош, Струмичко, Ц. О., со следните податоци:

Задругата е основана од 17 индивидуални земјоделци и сточари на основачкото собрание, одржано на 3. XII. 1985 година.

Задругата се занимава со:

— земјоделско-сточарско производство,

— откуп и пласман на земјоделско и сточарско производство,

— преработка на земјоделски и сточарски производи,

— откуп и пласман на шумски плодови, шумски растенија, печурки и полжави,

— набавка и промет со репроматеријали, амбалажа и слично, потребни за земјоделството,

— вршење услуги и давање совети на земјоделските и сточарските производители.

Во правниот промет со трети лица задругата истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет задругата одговара со сите свои средства — целосна одговорност.

За обврските на задругата основачите одговараат со по 10.000 динари.

Овластено лице за застапување е Атанасије Митев од с. Дрвош, вршител на должноста директор на задругата, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 69/86. (552)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 59/86 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Земјоделската задруга „Огражден" — с. Нова Маала, Струмичко, Ц. О., со следните податоци: Задругата е основана од 15 индивидуални земјоделци на основачкото собрание одржано на 29. VII. 1986 година.

Задругата се занимава со:

— земјоделско и сточарско производство,

— откуп и пласман на земјоделско и сточарско производство,

— преработка на земјоделски и сточарски производи,

— откуп и пласман на шумски плодови, шумски растенија, печурки и полжави,

— набавка и промет на репроматеријали, амбалажа и слично, потребни за земјоделството,

— вршење на услуги и давање совети на земјоделските и сточарските производители.

Во правниот промет со трети лица задругата истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет задругата одговара со сите свои средства — целосна одговорност.

За обврските на задругата одговараат и основачите со по 10.000 динари.

Овластено лице за застапување е Калев Ѓорѓи од с. Нова Маала, вршител на должноста директор на задругата, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 59/86. (553)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 61 од 9. IX. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-7-0-0, го запиша во судскиот регистар евидентирањето на деловна единица — претставништво ЗЗ „Младост" — Претставништво — Кочани, со следните податоци: трговија со прехранбени производи, со млечни производи, зеленчук и овошје, алкохолни пијалаци, добиток и живина, разни животински производи; трговија на големо со непрехранбени производи, со текстил и конфекција, сурова кожа, волна и друго, со метални и електротехнички стоки, градежен, санитарен и инсталационен материјал, хемиски производи, бои и лакови, хартија, канцелариски материјал и прибор, возила, делови и прибор, мешани стоки и трговија со индустриски отпадоци.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 61/86. (554)

---

Окружниот стопански суд во Штип, со решението Фи. бр. 62 од 9. IX. 1986 година, на регистарска влошка бр. 1-7-0-0, го запиша во судскиот регистар евидентирањето на деловна единица — Стовариште — Какањ, ЗЗ „Младост" — Стовариште — Какањ, со следните податоци: трговија на мало со прехранбени производи, леб, печиво, млеко и млечни производи, зеленчук, овошје и преработка, месо, живина, риба, и месни производи, разни животински производи, алкохолни и безалкохолни пијалаци и потреби за домашни производи; трговија на големо со прехранбени производи: млечни производи, зеленчук и овошје, алкохолни пијалаци, добиток и живина, разни животински производи; трговија на големо со непрехранбени производи: текстил, и конфекција, сурова кожа, волна и др.; електротехнички стоки, градежен, санитарен и инсталационен материјал; хемиски производи, бои и лакови; хартија, канцелариски материјал и прибор; возила — делови и прибор; мешани стоки, индустриски отпадоци.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 62/86. (555)

# КОНКУРСИ

Комисијата за избор и именување на Собранието на општина Прилеп

ОБЈАВУВА

дека Собранието на општина Прилеп ќе врши избор на еден судија во Општинскиот суд — Прилеп

Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови предвидени во член 247 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80) и посебните услови предвидени во член 91 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79).

Пријавите со потребните документи кандидатите да ги доставуваат до Комисијата за избор и именување на Собранието на општината Прилеп во рок од 15 дена од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија".

---

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79), Комисијата за избори и именувања на Собранието на општината Гостивар

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на еден судија во Општинскиот суд во Гостивар

Кандидатите за судија во Општинскиот суд, покрај општите услови предвидени во Законот за здружениот труд, треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени во член 91 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79).

Пријавите со потребните документи кандидатите да ги доставуваат до Собранието на општината Гостивар — Комисија за избори и именувања, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во весникот „Нова Македонија".

---

## СОДРЖИНА


275. Одлука за разрешување и именување член на Комисијата за претставки и предлози на Претседателството на СРМ — — — 301
276. Одлука за користење на средствата од Републичкиот буџет за 1987 година — 301
277. Правилник за одредување на бројот, видовите и одржувањето на рачни и превозни противпожарни апарати, кои се во употреба — — — — — — — 301
278. Решение за одобрување употреба на учебникот Литература со примери од Литературата за II година на турски јазик 303
279. Решение за одобрување употреба на учебникот Збирка задачи по математика за III година — — — — — — — 303
280. Решение за одобрување употреба на учебникот Основи на градежништвото со геодезија II дел за II година за ЗСНО — 304
281. Решение за одобрување употреба на учебникот Музичко воспитание за II година просветна струка — — — — — 304
282. Решение за одобрување употреба на учебникот Основи на рударството, геологија и металургија за II година — — — 304
283. Решение за одобрување употреба на учебникот Подготовка на минерални суровини за рударско-металуршка струка — 304
284. Решение за одобрување употреба на учебникот Техничка заштита за III година на рударските училишта — — — — 304
285. Решение за одобрување употреба на учебникот Солфеж I дел за средните музички училишта — — — — — — 305
286. Решение за одобрување употреба на преведениот учебник Основна теорија на музиката — — — — — — — — — 305
287. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 264/86 од 4 март 1987 година — — 305
288. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 17/87 од 11 март 1987 година — 305

**Исправка** на Републичкиот буџет за 1987 година — — — — — — — — — 306


**Општи акти на самоуправните интересни заедници**


СКОПЈЕ

120. Решение за распишување дополнителни избори за еден делегат во Собранието на Републичката СИЗ за вработување — Скопје — — — — — — — — — 306

БИТОЛА

121. Одлука за стапката на придонесите за здравствена заштита и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на осигурениците од општината — Битола за 1987 година 307
122. Одлука за утврдување на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Битола за 1987 година — — — 307
123. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите како приход на Општинската самоуправна интересна заедница за образование, општествена заштита на децата и научните дејности — — — 308

ГЕВГЕЛИЈА

124. Одлука за висината на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош на осигурените лица на подрачјето на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија — 308
125. Одлука за надоместокот на патните и дневните трошоци на осигурените лица на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Гевгелија 309

РАДОВИШ

126. Одлука за утврдување на стапките на придонес за ОСИЗ за култура — Радовиш за 1987 година — — — — — — — 309
127. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш за 1987 година 310
128. Одлука за определување на стапката на придонесите за вработување за 1987 година 310
129. Одлука за ослободување од плаќање на придонес за вработување за 1987 година 310
130. Одлука за утврдување на стапките на придонесите за ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата Радовиш за 1987 година — — — — — — — 310

РЕСЕН

131. Одлука за стапката на придонесот за здравствена заштита и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на корисниците — работници од општината Ресен за 1987 година — — — — — — — 311
132. Одлука за придонесите за здравствена заштита на корисниците — земјоделци од општината Ресен за 1987 година — — 312
133 Одлука за придонесите на здравствена заштита што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории осигуреници во 1987 година — — — — 312
134. Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонес за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци во 1987 година — — — — — — — — — 313

ПРИЛЕП

135. Одлука за утврдување висината на пресметковни стапки за здружување на средства за задоволување на личните и заедничките потреби и интереси во областа на општествената заштита на децата за 1987 година — — — — — — — — — 314


---

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје.**